ВЕЧЕРВА ВО ЦЕНТАРОТ ЗА КУЛТУРА „ОЛГА ПЕТРОВ" ВО ПАНЧЕВО

# Изложба на 16 млади македонски ликовни уметници

**● Авторот на оваа поставка под наслов „Нови движења во македонската ликовна уметност", Владимир Величковски, изборот го направи од дела на младата и најмладата генерација школувана на скопскиот Факултет за ликовни уметности**

Вечерва во Панчево, во Современата галерија на Центарот за култура „Олга Петров" ќе биде отворена изложбата под наслов „Нови движења во македонската ликовна уметност" на авторот **Владимир Величковски**, на која ќе бидат претставени 16 млади македонски ликовни уметници.

Изборот е направен од дела на младата и најмладата генерација и во времето на делумни информациски јазови меѓу југословенските средини, во војводинската средина оваа поставка има за цел да ја докомплетира сликата во современата југословенска уметност.

Поставката треба да го претстави истражувачкото, виталното и креативното во македонската уметност во последните неколку години, но со ограда дека ова презентирано творештво е сепак само дел од актуелната македонска ликовна ситуација. Авторот со оваа изложба укажува на преобразувањето и квалитетниот чекор напред во најновите настојувања во македонската уметност, претставувајќи, покрај веќе познатите имиња афирмирани и надвор од нашата земја, и автори кои засега претставуваат само млади талентирани уметници што неодамна ги завршиле студиите на скопскиот Факултет за ликовни уметности.

Во изминатата деценија се сменуваа бројни стилски и концепциски насоки кои преку потенцираниот индивидуализам освојуваа нови простори на уметничката слобода – пишува во предговорот на каталогот Величковски. Постмодернистичкиот дух најде одек и во нашата македонска средина. Тој, понатаму ја издвојува виталната и свежа струја на архаизмот, настојувањата низ пластичниот јазик да се изразат елементите на културата на поднебјето. Исто така, за него, посебно во делата на македонските скулптори се остварува специфичното поврзување на „духот и карактерот на местото". Факт за авторот е дека носителите на промените и квалитетното поместување се уметици кои се определиле за геометризација на формата и за попромислен пристап кон сликата. Затоа, изборот на Величковски преку кој го претставува современиот миг во македонското ликовно творештво во Војводина, паѓа на следните автори: на сликарите: **Димитар Манев, Веле Ташовски, Благоја Маневски, Славчо Соколовски, Ванчо Јаков, Жанета Вангели, Венко Цветков, Перица Георгиев, Љупчо Бојаров, Вујка Радивоевиќ – Бојарова, Жанета Гелевска**, и скулпторите: **Јован Шумковски, Томе Аџиевски, Маргарита Киселичка-Калајџиева, Исмет Рамичевиќ** и **Станко Павлевски.**



**Венко Цветков: Македонски синдром, масло на платно, 1988**

Овие уметници се тие кои „потпирајќи се на интелектот, но и на инстинктот, покажаа дека уметноста не е „истрошена" област и наспроти тешкотиите, успешно ги реализираат своите замисли чиј понатамошен развој во смисла на континуитет на овие актуелни истражувања во ликовната уметност, може да се предвиди дека успешно ќе продолжи".

**С. Ѓ.**

„Нова Македонија" 20·IV·1990